**БАРАЊЕ 23-4123**

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?
9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?
10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?
11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?
12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?
14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

**ОДГОВОР 23-4123**

1. Општина Кавадарци обезбедува еднократна финансиска помош за новороденче во износ од 6.000,00 денари, согласно Одлука на Совет од 01.01.2014 г.

2. Општина Кавадарци обезбедува еднократна финансиска помош за секое новороденче во износ од 6.000,00 денари без разлика дали е прво, второ, трето...дете.

3. Општина Кавадарци обезбедува еднократна финансиска помош за секое новороденче во износ од 6.000,00 денари без разлика дали е прво, второ, трето...дете.
4. На подрачјето на Општина Кавадарци има една детска градинка во чиј склоп се десет клона (објекти).

5. Вкупно во ЈОУДГ Рада Поцева Кавадарци се згрижени 1183 деца и тоа :
   5.1 Јасли 126 деца
   5.2 Прва мала група 220 деца
   5.3 Втора мала група 216 деца
   5.4 Средна група 200 деца
   5.5 Голема група 254 деца
   5.6 Хетерогена од 2 години до поаѓање на училиште 148 деца
   5.7 Комбинирана група 19 деца

6. Месечниот надоместок за згрижување во градинка изнесува 2000,00 денари.

7. Да, има ослободено од партиципација за градинка деца од ромска националност и категории родители/старатели согласно Законот за детска заштита.

8. Општината обезбедува блок дотации, а градинката прави распределба на средствата.

9. Општината обезбедува блок дотации, а градинката прави распределба на средствата.

10. Во основните училишта не се задолжителни ичилишните униформи.

11. Општина Кавадарци предвидува финансиски средства за социјално загрозени семејства, лекување и друго, согласно Програмата за социјална заштита каде точно се наведени активностите за кои се предвидуваат финансиски средства и која се носи секоја година.
    За наведените категории во прашањето, општината не предвидува финансиски средства. Секој барател на финансиска помош за лекување или социјален ризик, доставува барање со пропратна документација, врз основа на кое се одобрува износ на финансиски средства кој го определува Комисијата за финансии, при општината. Програмата за социјална заштита за 2025 година Ви ја доставувам во прилог.

12. Општината не предвидува финансиски средства за родители/старатели кои не можат да ги вклучат своите деца во градинка.

13. Општината не предвидува финансиски средства за родители/старатели на деца со попреченост, но предвидува набавка на колички за хендикепирани лица и обезбедува стручна ,техничка помош и друга поддршка со кадри и опрема со која располага.

14. Возраста на детето не влијае за одобрување на било каква услуга, односно поддршка. Општината обезбедува стручна помош и подршка за деца со попреченост.

15. Општина Кавадарци има воспоставено политики и мерки насочени кон економско јакнење на жените и нивно вклучување на пазарот на трудот.
    Во општина Кавадарци е формиран Совет за женско претприемништво преку Националната Платформа за женско претприемништво.
    Комисијата за еднакви можности на општина Кавадарци во соработка со Националната платформа за женско претприемништво со која има потпишано меморандум за соработка организираше циклус обуки за жени претприемачи на различни теми:

„Маркетинг и комуникации”, „Цели за одржлив развој и циркуларна економија” „Зелена и дигитална транзиција”.
Во следниот период Преку комисијата за еднакви можности ќе се спроведат и други обуки за жени претприемачи посветени на земјоделко- прехранбениот сектор со цел да се направи зелена и одржлива трансформација на агробизнисите.
Целна група на жени кои се учеснички се жени кои веќе раководат бизниси и потенцијални претприемачки и жени заинтересирани за започнување на бизнис со зелен фокус (еко-производство, соларна енергија, циркуларен дизајн) кои сакаат менторство и техничка поддршка.
Исто така по повод Меѓународен ден на руралната жена исто така беше организиран Саем на локални производи. Саемот понуди бесплатен изложбен простор за домашни и рачни производителки од руралните средини со можност за презентација и директна продажба на производи.

Целта на саемот беше промовирање на локалното производство и видливост на рачни изработки, поддршка и вреднување на трудот на руралните жени и зголемување на пазарните можности и клиенти за тие производи.
Учесничките изложија различни традиционално и рачно изработени производи, а нивното учество поттикнува економско учество и видливост на жените производителки, ја подигнува јавната свест за вредноста на локалните производи и поттикнување на мерки за официјално признавање и поддршка на земјоделките. Целна група беа претежно жени од рурални средини, особено оние кои се домашни производителки и сопственички на мали семејни бизнисиИсто така во Општина Кавадарци 8 години беше активна Програмата Општинко-корисна работа преку УНДП која е насочена кон евидентирани невработени лица , на која претежно се пријавуваат жени кои се активни баратели на работа.
Преку оваа програма се овозможува стекнување на практични вештини и постепено вклучување на пазарот на труд.

Прилог: Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2025 година